**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 22.04.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2357 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар

3. **Датум на извршување на надзорот:** 22 април 2019 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши на исполнувањето на обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми, според која радиодифузерите се должни до 31 март во тековната година, на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата, да и достават податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично), остварените вкупни приходи и расходи во претходната година од обезбедувањето на дејноста и за просечната гледаност или слушаност во претходната година.

5. **Претходно изречена мерка:** нема

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар не ја исполни обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми.

7. **Опис на прекршувањето:** Трговското радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар до Агенцијата не достави податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во 2018 година, остварените вкупни приходи и расходи во 2018 година од обезбедувањето на дејноста и за просечната гледаност или слушаност во 2018 година.

8. **Предлог мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 15 став 1 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), а согласно член 15 став 6 од овој Закон, се дава следната предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, и во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година), да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со член 15 став 1 од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***